# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

4 јуни 2010 | Излегува по потреба | Година V | број 7



e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за почнување на постапка за долгорочно задолжување на Општина Гази Баба кај Министерството за финансии на Република Австрија преку Австриската контролна банка од Виена, со кредит за изградба на водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација на подрачјето на Општина Гази Баба**

1. Се објавува Одлуката за почнување на постапка за долгорочно задолжување на Општина Гази Баба кај Министерството за финансии на Република Австрија преку Австриската контролна банка од Виена, со кредит за изградба на водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 31.05.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3188/1**
**Од 02.06.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски,с.р.**

Врз основа на членот 11 став (5), членот 22 став (13) и членот 36 став (1) алинеја (15) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/2002), членот 18 став (1) и членот 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" броевите 61/2004, 96/2004, 67/2007 и 156/2009), членот 25 од Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија" броевите 62/2005 и 88/2008), членот 25 од Статутот на општина Гази Баба ("Службен гласник на општина Гази Баба" број 4/2006) и членот 85 и членот 151 став 2 од Деловникот на Советот на општина Гази Баба ("Службен гласник на општина Гази Баба" број 4/2006), Советот на општина Гази Баба на Седумнаесеттата седница одржана на ден 31.05.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За почнување на постапка за долгорочно задолжување на општина Гази Баба кај Министерството за финансии на Република Австрија преку Австриската контролна банка од Виена, со кредит за изградба на водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација на подрачјето на општина Гази Баба

### Член 1

(1) Општина Гази Баба почнува постапка за долгорочно задолжување кај Министерството за финансии на Република Австрија преку Австриската контролна банка од Виена, со кредит во износ на главнината до 10.000.000 евра (во натамошниот текст: кредит) наменет за изградба на водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација на подрачјето на општина Гази Баба.

(2) Општина Гази Баба најдоцна до склучувањето на договорот за кредит ќе изврши уплата на 20.000 евра на Австриската контролна банка наменети за изработка на студија за поставување на водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација на подрачјето на општина Гази Баба.

(3) Австриската контролна банка најдоцна во рок од 10 дена од склучувањето на договорот за кредит со општина Гази Баба ќе изврши уплата на 60.000 евра на Општина Гази Баба наменети за изработка на студија за поставување на водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација на подрачјето на општина Гази Баба.

(4) Средствата од ставот (3) на оваа Одлука се од износот на главнината на кредитот.

(5) Доколку Министерството за финансии на Република Австрија не го одобри кредитот, Австриската контролна банка од Виена должна е да врати 20.000 евра на општина Гази Баба најдоцна во рок од 30 дена од денот на нивната уплата.

### Член 2

(1) Кредитот е бескаматен со грант од 15% од износот на главнината.

(2) Рокот на отплата на кредитот е 10 години од денот на издавањето на употребната дозвола на сите изградени објекти за водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација на подрачјето на општина Гази Баба.

(3) Кредитот ќе се отплаќа во еднакви полугодишни рати кои доспеваат за плаќање на 16 март и 16 септември секоја година, почнувајќи од 16 март 2013 година, а завршувајќи на 16 септември 2023 година или на начинот утврден со договорот за кредит на општина Гази Баба.

(4) 50% од главнината на кредитот се наменети за градежни работи и набавка на градежни материјали, а 50% за набавка на опрема и материјали под условите во огласот за јавни набавки.

(5) Најдоцна во рок од 10 дена од склучувањето на договорот за кредит, Австриската контролна банка на сметката на општина Гази Баба ќе префрли 20% од главнината на кредитот, а останатите 30% на сметката на општина Гази Баба ќе ги префрла сукцесивно но не подоцна од 10 дена од доставувањето на секоја конечна ситуација за извршени работи од изведувачот намалена за 20%.

(6) 100% од секоја набавка на опрема и материјали на сметка на добавувачот ќе уплаќа Австриската контролна банка.

**Член 3**

Се овластува градоначалникот на општина Гази Баба да го склучи договорот за долгорочно задолжување на општина Гази Баба со Австриска контролна банка од Виена, Република Австрија според условите утврдени во оваа Одлука.

**Член 4**

Јавните набавки на градежните работи и материјали за изградба на водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација на подрачјето на општина Гази Баба во висина на износот на главнината од 10.000.000 евра ќе се вршат во согласност со Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" броевите 26/1998, 50/2001, 02/2002 и 24/2003).

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во "Службен гласник на општина Гази Баба", а ќе се применува по добиена согласност од Министерството за финансии при Владата на Република Македонија.

**Број 07-3009/3**
**од 31.05.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за организирање на практикантска работа -обезбедување обука за олеснување на процесот на вработување**

1. Се објавува Одлуката за организирање на практикантска работа -обезбедување обука за олеснување на процесот на вработување, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 31.05.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3188/3**
**Од 02.06.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 став од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02), а во врска со Националната програма за практикантска работа и вработување, Советот на Општина Гази Баба на Седумнаесеттата седница,одржана на 31.05.2010 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## За организирање на практикантска работа - обезбедување обука за олеснување на процесот на вработување

**Член 1**

Се организира практикантска работа - обезбедување обука за олеснување на процесот на вработување во Општина Гази Баба, преку ангажирање на 15 практиканти.

**Член 2**

Организирањето на практикантската работа се врши врз начелото на националната програма за практикантска работа и вработување, што се спроведува со посредство на УСАИД - Проект за конкурентност со непосредна подршка од страна на Владата на Република Македонија - Министерство за образование и наука, министерство за труд и социјална политика и Министерство за економија, а организатор на практикантската работа и овластен имплементатор на истата е Агенцијата за посредување при вработвање - ''ИТЦ кариера''.

**Член 3**

Практикантите ќе бидат распоредени во секторите на Општина Гази Баба за период од 3 (три) месеци, сметано од 01.06.2010 година, при што со секој од нив ќе се склучи посебен договор, во кој покрај практикантите, како договорни страни ќе бидат и Општина Гази Баба како обезбедувач и Агенцијата за посредување при вработување - ''ИТЦ кариера'' како организатор на работата.

**Член 4**

За вршење на практикантската работа, на практикантите ќе им се исплатува месечен надоместок во висина од 6.000,00 (со зборови:шестилјади) денари, од Буџетот на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3009/5**
**од 31.05.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007" во периодот од 01.01.2009 -31.12.2009 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за работењето ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007" во периодот од 01.01.2009 -31.12.2009 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 31.05.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3188/4**
**Од 02.06.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Сл.гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Седумнаесеттата седница одржана на ден 31.05.2010 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на годишниот извештај за работењето**
**на ЈКП ''Гази Баба - 2007''**
**во периодот од 01.01.2009 - 31.12.2009 година**

**Член 1**

Се усвојува годишниот извештај за работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' во периодот од 01.01.2009 - 31.12.2009 година.

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3009/6**
**од 31.05.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба во периодот од 01.01.2009 -31.12.2009 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба во периодот од 01.01.2009 - 31.12.2009 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 31.05.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3188/5**
**Од 02.06.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Сл.гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Седумнаесеттата седница одржана на ден 31.05.2010 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба, во периодот од 01.01.2009 - 31.12.2009 година**

**Член 1**

Се усвојува извештајот за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба, во периодот од 01.01.2009 - 31.12.2009 година.

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3009/7**
**од 31.05.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба за периодот Јануари-Март 2010 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба за периодот Јануари-Март 2010 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 31.05.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3188/6**
**Од 02.06.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Сл.гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Седумнаесеттата седница одржана на ден 31.05.2010 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на буџетот на Општина Гази Баба за периодот јануари - март 2010 година**

**Член 1**

Се усвојува извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на буџетот на Општина Гази Баба за периодот јануари - март 2010 година.

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3009/8**
**од 31.05.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за прифаќање на иницијативата за потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација за определување на градежна парцела "1", за изградба на резервоар за вода на дел од КП 16 КО Страчинци -Општина Гази Баба**

1. Се објавува Заклучокот за прифаќање на иницијативата за потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација за определување на градежна парцела "1", за изградба на резервоар за вода на дел од КП 16 КО Страчинци -Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 31.05.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3188/7**
**Од 02.06.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 5 алинеја 6 и 7, член 15-а точка 1 и 2, член 15-б, член 17 став 4, член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.51/05, 137/09 и 91/09), Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање ''Ф1'' (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.8/09) и член 153 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Сл.гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба, на Седумнаесеттата седница одржана на ден 31.05.2010 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прифаќање на иницијативата за потреба од изработување Локална урбанистичка планска документација за определување на градежна парцела ''1'', за изградба на резервоар за вода на дел од КП 16 КО Страчинци - Општина Гази Баба**

**Член 1**

Се прифаќа иницијативата за потреба од изработување Локална урбанистичка планска документација за определување на градежна парцела ''1'', за изградба на резервоар за вода на дел од КП 16 КО Страчинци - Општина Гази Баба.

**Член 2**

Финансирањето на изработката на Локална урбанистичка планска документација паѓа на товар на подносителот на барањето - Општина Гази Баба.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Гази Баба формира Комисија составена од 5 (пет) члена од кои 1 (еден) архитект со овластување за изработка на урбанистички планови и 4 (четири) стручни лица од областа на урбанистичкото планирање.

Комисијата од став 1 на овој член, дава предлог до Градоначалникот на Општина Гази Баба, за одобрување на локалната урбанистичка планска документација.

**Член 4**

По влегување во сила на овој заклучок, истиот да се достави до Градоначалникот на Општина Гази Баба и секторот за урбанизам, просторно планирање комунални дености и уредување на градежното земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3009/9**
**од 31.05.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за прифаќање на иницијативата за потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација за уредување на простор вон планскиот опфат за изградба на примарна каналска мрежа за отпадни води, со пречистителна станица за локалитет "Од населено место Јурумлери покрај Р 103 до реципиент река Вардар"**

1. Се објавува Заклучокот за прифаќање на иницијативата за потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација за уредување на простор вон планскиот опфат за изградба на примарна каналска мрежа за отпадни води, со пречистителна станица за локалитет "Од населено место Јурумлери покрај Р 103 до реципиент река Вардар", што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 31.05.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3188/8**
**Од 02.06.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 5 алинеја 6 и 7, член 15-а точка 1 и 2, член 15-б, член 17 став 4, член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.51/05, 137/09 и 91/09), Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање ''Ф1'' (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.8/09) и член 153 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Сл.гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба, на Седумнаесеттата седница одржана на ден 31.05.2010 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прифаќање на иницијативата за потреба од изработување Локална урбанистичка планска документација за уредување на простор вон плански опфат, за изградба на примарна каналска мрежа за отпадни води со пречистителна станица за локалитет ''Од населено место Јурумлери покрај Р103 до реципиент - река Вардар'' - Општина Гази Баба**

**Член 1**

Се прифаќа иницијативата за потреба од изработување Локална урбанистичка планска документација за уредувае на простор вон плански опфат, за изградба на примарна каналска мрежа за отпадни води со пречистителна станица за локалитет ''Од населено место Јурумлери покрај Р103 до реципиент - река Вардар'' - Општина Гази Баба.

**Член 2**

Финансирањето на изработката на Локална урбанистичка планска документација паѓа на товар на подносителот на барањето - Општина Гази Баба.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Гази Баба формира Комисија составена од 5 (пет) члена од кои 1 (еден) архитект со овластување за изработка на урбанистички планови и 4 (четири) стручни лица од областа на урбанистичкото планирање.

Комисијата од став 1 на овој член, дава предлог до Градоначалникот на Општина Гази Баба, за одобрување на локалната урбанистичка планска документација.

**Член 4**

По влегување во сила на овој заклучок, истиот да се достави до Градоначалникот на Општина Гази Баба и секторот за урбанизам, просторно планирање комунални дености и уредување на градежното земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3009/10**
**од 31.05.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за прифаќање на иницијативата за потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација за формирана градежна парцела на ул."Антон Попов" бб. Г.П.2.1 од ДУП (измена и дополна) нас."М.Андонов Ченто" МЗ Маџари 2 (Одлука бр.07-546/5 од 12.07.2002 година) за КП 20/18 КО Инџиково -Скопје**

1. Се објавува Заклучокот за прифаќање на иницијативата за потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација за формирана градежна парцела на у.."Антон Попов" бб.Г.П.2.1 од ДУП (измена и дополна) нас."М.Андонов Ченто" МЗ Маџари 2 (Одлука бр.07-546/5 од 12.07.2002 година) за КП 20/18 КО Инџиково -Скопје, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 31.05.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3188/9**
**Од 02.06.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 5 алинеја 6 и 7, член 15-а точка 1 и 2, член 15-б, член 17 став 4, член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.51/05, 137/09 и 91/09), Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање ''Ф1'' (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.8/09) и член 153 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Сл.гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба, на Седумнаесеттата седница одржана на ден 31.05.2010 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прифаќање на иницијативата за потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација за формирана градежна парцела на ул.''Антон Попов'' бб. Г.П.2.1 од ДУП (измена и дополна) нас.''М.Андонов Ченто'' МЗ Маџари 2 (Одлука бр.07-546/5 од 12.07.2002 година) за КП 20/18 КО Инџиково - Скопје**

**Член 1**

Се прифаќа иницијативата за потреба од изработување Локална урбанистичка планска документација за формирана градежна парцела на ул.''Антон Попов'' бб. Г.П.2.1 од ДУП (измена и дополна) нас.''М.Андонов Ченто'' МЗ Маџари 2 (Одлука бр.07-546/5 од 12.07.2002 година) за КП 20/18 КО Инџиково - Скопје.

**Член 2**

Финансирањето на изработката на Локална урбанистичка планска документација паѓа на товар на подносителот на барањето - г-дин Драги Рајевски од Скопје.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Гази Баба формира Комисија составена од 5 (пет) члена од кои 1 (еден) архитект со овластување за изработка на урбанистички планови и 4 (четири) стручни лица од областа на урбанистичкото планирање.

Комисијата од став 1 на овој член, дава предлог до Градоначалникот на Општина Гази Баба, за одобрување на локалната урбанистичка планска документација.

**Член 4**

По влегување во сила на овој заклучок, истиот да се достави до Градоначалникот на Општина Гази Баба и секторот за урбанизам, просторно планирање комунални дености и уредување на градежното земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3009/11**
**Од 31.05.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за прифаќање на иницијативата за потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација за формирана градежна парцела 1.2, на ул."16-та Македонска бригада" Скопје**

1. Се објавува Заклучокот за прифаќање на иницијативата за потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација за формирана градежна парцела 1.2, на ул."16-та Македонска бригада" Скопје, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 31.05.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3188/10**
**Од 02.06.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 5 алинеја 6 и 7, член 15-а точка 1 и 2, член 15-б, член 17 став 4, член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.51/05, 137/09 и 91/09), Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање ''Ф1'' (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.8/09) и член 153 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Сл.гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба, на Седумнаесеттата седница одржана на ден 31.05.2010 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прифаќање на иницијативата за потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација за формирана градежна парцела 1.2, на ул.''16-та Македонска бригада'' Скопје**

**Член 1**

Се прифаќа иницијативата за потреба од изработување Локална урбанистичка планска документација за формирана градежна парцела 1.2, на ул.''16-та Македонска бригада'' Скопје.

**Член 2**

Финансирањето на изработката на Локална урбанистичка планска документација, паѓа на товар на подносителот на барањето - Скопски Саем ДОО Скопје.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Гази Баба формира Комисија составена од 5 (пет) члена од кои 1 (еден) архитект со овластување за изработка на урбанистички планови и 4 (четири) стручни лица од областа на урбанистичкото планирање.

Комисијата од став 1 на овој член, дава предлог до Градоначалникот на Општина Гази Баба, за одобрување на локалната урбанистичка планска документација.

**Член 4**

По влегување во сила на овој заклучок, истиот да се достави до Градоначалникот на Општина Гази Баба и секторот за урбанизам, просторно планирање комунални дености и уредување на градежното земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3009/12**
**од 31.05.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за прифаќање на иницијативата за потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација за определување на градежна парцела "1" за базна станица за мобилна телефонија за дел од КП 851/4 КО Брњарци**

1. Се објавува Заклучокот за прифаќање на иницијативата за потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација за определување на градежна парцела "1" за базна станица за мобилна телефонија за дел од КП 851/4 КО Брњарци, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 31.05.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3188/11**
**Од 02.06.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 5 алинеја 6 и 7, член 15-а точка 1 и 2, член 15-б, член 17 став 4, член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.51/05, 137/09 и 91/09), Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање ''Ф1'' (''Сл.гласник на Општина Гази Баба'' бр.8/09) и член 153 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Сл.гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба, на Седумнаесеттата седница одржана на ден 31.05.2010 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прифаќање на иницијативата за потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација за определување на градежна парцела ''1'' за базна станица за мобилна телефонија за дел од КП 851/4 КО Брњарци**

**Член 1**

Се прифаќа иницијативата за потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација за определување на градежна парцела ''1'' за базна станица за мобилна телефонија за дел од КП 851/4 КО Брњарци.

**Член 2**

Финансирањето на изработката на Локална урбанистичка планска документација, паѓа на товар на подносителот на барањето - Т-Мобиле Македонија АД за мобилни телекомуникации - Скопје.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Гази Баба формира Комисија составена од 5 (пет) члена од кои 1 (еден) архитект со овластување за изработка на урбанистички планови и 4 (четири) стручни лица од областа на урбанистичкото планирање.

Комисијата од став 1 на овој член, дава предлог до Градоначалникот на Општина Гази Баба, за одобрување на локалната урбанистичка планска документација.

**Член 4**

По влегување во сила на овој заклучок, истиот да се достави до Градоначалникот на Општина Гази Баба и секторот за урбанизам, просторно планирање комунални дености и уредување на градежното земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3009/13**
**од 31.05.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Програмата за изменување на Програмата за ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба**

1. Се објавува Програмата за изменување на Програмата за ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 31.05.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3188/12**
**Од 02.06.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општинаta Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), и Програмата за ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/2010), Советот на Општина Гази Баба на Седумнаесеттата седница одржана на 31.05.2010 година, ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**За изменување на Програмата за ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба**

**Член 1**

Со оваа Програма се врши изменување на Програмата за ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази баба" бр.8/2010).

**Член 2**

Во Програмата за ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба, во подточка 2.4.4 насловена како "времетраење на програмата": бројот "3" се заменува со бројот "7", а датумот 31.04.2010 се заменува со 30.09.2010".

**Член 3**

Во подточка 2.4.5 "Финансиска конструкција за реализација на програмата" табеларниот приказ, се менува и гласи:

| Буџет на проектот | По предлог проект | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трошоци | Единица (по месец) | Бр. на единица | Сума по един. (во МКД) | Вкупно трошоци (во МКД) |
| 1. Човечки ресурси | | | | |
| 1.1. Надоместоци (бруто износи, локални) | | | | |
| 1.1.1. Од програмата од 01.02 -31.04.2010 | 3 | 25 | 9000 | 675 000 |
| 1.1.2. Од програмата од 01.05.-30.09.2010 | 5 | 50 | 9000 | 2 250 000 |
| 1.2. Други (персонален данок) | | | | |
| 1.2.1. Персонален данок за период 01.02. -31.04.2010 | 3 | 25 | 9000 | 75 000 |
| 1.2.2. Персонален данок за период 01.05. -30.09.2010 | 5 | 50 | 9000 | 250 000 |
| | | | | **3.250.000** |

**Член 4**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Служнен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3009/14**
**од 31.05.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

# СОДРЖИНА


ОДЛУКА за почнување на постапка за долгорочно задолжување на општина Гази Баба кај Министерството за финансии на Република Австрија преку Австриската контролна банка од Виена, со кредит за изградба на водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација на подрачјето на општина Гази Баба . . . . . 2

ОДЛУКА за организирање на практикантска работа – обезбедување обука за олеснување на процесот на вработување . . . . . 5

ЗАКЛУЧОК за усвојување на годишниот извештај за работењето на ЈКП ''Гази Баба – 2007'' во периодот од 01.01.2009 – 31.12.2009 година . . . . . 7

ЗАКЛУЧОК за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба, во периодот од 01.01.2009 – 31.12.2009 година . . . . . 9

ЗАКЛУЧОК за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на буџетот на Општина Гази Баба за периодот јануари – март 2010 година . . . . . 11

ЗАКЛУЧОК за прифаќање на иницијативата за потреба од изработување Локална урбанистичка планска документација за определување на градежна парцела ''1'', за изградба на резервоар за вода на дел од КП 16 КО Страчинци – Општина Гази Баба . . . . . 13

ЗАКЛУЧОК за прифаќање на иницијативата за потреба од изработување Локална урбанистичка планска документација за уредување на простор вон плански опфат, за изградба на примарна каналска мрежа за отпадни води со пречистителна станица за локалитет ''Од населено место Јурумлери покрај Р103 до реципиент – река Вардар'' – Општина Гази Баба . . . . . 15

ЗАКЛУЧОК за прифаќање на иницијативата за потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација за формирана градежна парцела на ул.''Антон Попов'' бб. Г.П.2.1 од ДУП (измена и дополна) нас.''М.Андонов Ченто'' МЗ Маџари 2 (Одлука бр.07–546/5 од 12.07.2002 година) за КП 20/18 КО Инџиково – Скопје . . . . . 17

ЗАКЛУЧОК за прифаќање на иницијативата за потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација за формирана градежна парцела 1.2, на ул.''16–та Македонска бригада'' Скопје . . . . . 19

ЗАКЛУЧОК за прифаќање на иницијативата за потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација за определување на градежна парцела „1“ за базна станица за мобилна телефонија за дел од КП 851/4 КО Брњарци . . . . . 21

ПРОГРАМА за изменување на Програмата за ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба . . . . . 23



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

**"Службен гласник на Општина Гази Баба"**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Насе Ралев
бул. Александар Македонски бб - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци